РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. ____________
27.04.2018 20 ___ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас број 01/2018 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

1. За Директор на Сектор за финансиски прашања во Фондот за здравствено осигурување на Македонија со шифра на работно место ФЗО0102Б01001 – 1 извршител, се избра МИЛЕ СУГАРЕВ.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 04-3405/2 од 09.03.2018 година, директорот упати барање број 04-4189/1 од 15.03.2018 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на еден административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 01/2018 година за унапредување на 1 (1) административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, објавен на ден 13.04.2018 на веб страниците на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник од точка 1 на оваа одлука Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на директорот со Решение бр.04-4189/2 од 23.04.2018 година, направи административна селекција и одржаа интервју со кандидатот кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција број 04-4189/4 од 24.04.2018 година, за интерен оглас број 01/2018 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, Записник за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју по интерен оглас број 01/2018 за унапредување на 1 (1) административен службеник, број 04-4189/5 од 26.04.2018 година и изготви Финанлна ранг листа на интервјуираниот кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 01/2018 за унапредување. Врз основа на ранг листата, директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.



[1] 04-4189/7 [2018]

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот административен службеник од точка 1 на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДИРЕКТОР,**
**Данаил Дончев**

**ДИРЕКТОР,**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**

Доставено до:
- Кандидат
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архива